# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 27.02-05.03.2023

Тестирани се вкупно 1.880 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со намалување од 29,1% во однос на минатата недела (n=2.651).

Регистрирани се 172 нови позитивни случаи од 18 градови во државата, со зголемување од 8,9% во однос на минатата недела (n=158). Процентот на позитивност се движи од 5,9% до 19,1%, просечно 10,4%.

***<u>Табела 1.</u>*** *Тестирани и позитивни во период од 27.02– 05.03.2023*

| ***Датум*** | ***Тестирани*** | ***Позитивни*** | ***% на позитивност*** |
|---|---|---|---|
| ***27.2.2023*** | 559 | 33 | 5,9% |
| ***28.2.2023*** | 314 | 27 | 8,6% |
| ***01.3.2023*** | 280 | 29 | 10,4% |
| ***02.3.2023*** | 254 | 24 | 9,4% |
| ***03.3.2023*** | 288 | 32 | 11,1% |
| ***04.3.2023*** | 110 | 21 | 19,1% |
| ***05.3.2023*** | 75 | 6 | 8,0% |
| ***Вкупно*** | ***1.880*** | ***172*** | ***10,4%*** |

Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=89; 51,7%). Највисока инциденца е регистрирана во Демир Капија (79,4/100.000 жители). (*Табела 2*).
Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=69; 40,4%). Со оглед на малиот број на пријавени случаи, зголемувањето/намалувањето по возрасни групи е варијабилно, оваа недела се регистрира зголемување кај сите возрасни групи со  најзабележително зголемување кај возрасната група од  0-9 години и возрасната група од 40-49 години, а намалување се регистрира кај возрасните групи од 10-19 години (-40,0%) и возрасната група над 60 години (-6,8%).

Во текот на минатата недела (27.02-05.03.2023) со статус „оздравени“ се стекнале 122 лица во хоспитални услови или на домашно лекување, за 17,3% повеќе во однос на минатата недела (n=104).
Во текот на минатата недела, пријавени се 59 реинфекции, за 18% повеќе во однос на претходната недела (n=50).

Пријавено е едно починато лице со датум на смрт во текот на последната недела (27.02-05.03.2023), лицето е од Куманово, со коморбидитети и починато во болнички услови. Лицето е на возраст од 75 години.

Во однос на состојбата во светот, по земји, најновите податоци од СЗО се на следниот линк - https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 05.03.2023, пријавени се вкупно 347.182 случаи на COVID-19 (I=18.302,4/100.000).

Најголем дел од заболените се регистрирани во Скопје, Куманово и Битола, а највисок морбидитет е регистриран во Кавадарци (30.828,0/100.000) и Скопје (27.055,4/100.000). Највисок морталитет се регистрира во Охрид, Кавадарци и Прилеп. Највисок леталитет се регистрира во Струга (*Табела 2*).

***Табела 2.*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, до 05.03.2023*

| Дистрибуција по градови | Заболени (вкупно) | Морбидитет | Умрени (вкупно) | Морталитет (кумулативно) | Леталитет (кумулативно) | Оздравени (вкупно) | Активни случаи (вкупно) | Заболени (последни 7 дена) | Инциденца последни 7 дена | Заболени последни 14 дена | Инциденца последни 14 дена | Заболени претходни 14 дена | Инциденца претходни 14 дена | Промена на инциденца во два 14 дневни периоди |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **347182** | **18902,4** | **9668** | **526,4** | **2,8%** | **337295** | **219** | **172** | **9,4** | **330** | **18,0** | **226** | **12,3** | ▲ 46,0% |
| Скопје | 164314 | 27069,5 | 3285 | 541,2 | 2,0% | 160928 | 101 | 89 | 14,7 | 173 | 28,5 | 131 | 21,6 | ▲ 32,1% |
| Куманово | 18366 | 14821,7 | 638 | 514,9 | 3,5% | 17708 | 20 | 15 | 12,1 | 29 | 23,4 | 18 | 14,5 | ▲ 61,1% |
| Битола | 18169 | 19516,6 | 503 | 540,3 | 2,8% | 17650 | 16 | 14 | 15,0 | 22 | 23,6 | 25 | 26,9 | ▼ 12,0% |
| Прилеп | 15742 | 18028,4 | 605 | 692,9 | 3,8% | 15117 | 20 | 15 | 17,2 | 30 | 34,4 | 7 | 8,0 | ▲ 328,6% |
| Тетово | 14525 | 8702,9 | 600 | 359,5 | 4,1% | 13910 | 15 | 9 | 5,4 | 18 | 10,8 | 5 | 3,0 | ▲ 260,0% |
| Кавадарци | 12187 | 30830,5 | 274 | 693,2 | 2,2% | 11911 | 2 | 1 | 2,5 | 4 | 10,1 | 4 | 10,1 | = 0,0% |
| Велес | 10846 | 18186,4 | 330 | 553,3 | 3,0% | 10515 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 1,7 | 1 | 1,7 | ▲ 100,0% |
| Охрид | 10398 | 18855,1 | 405 | 734,4 | 3,9% | 9981 | 12 | 11 | 19,9 | 15 | 27,2 | 1 | 1,8 | ▲ 1400,0% |
| Гостивар | 10296 | 12162,4 | 430 | 508,0 | 4,2% | 9865 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 1,2 | 2 | 2,4 | ▼ 50,0% |
| Штип | 8823 | 18272,4 | 239 | 495,0 | 2,7% | 8582 | 2 | 1 | 2,1 | 2 | 4,1 | 5 | 10,4 | ▼ 60,0% |
| Струмица | 8821 | 11162,0 | 386 | 488,4 | 4,4% | 8432 | 3 | 2 | 2,5 | 5 | 6,3 | 2 | 2,5 | ▲ 150,0% |
| Кичево | 6090 | 15352,0 | 227 | 572,2 | 3,7% | 5862 | 1 | 1 | 2,5 | 1 | 2,5 | 2 | 5,0 | = 0,0% |
| Кочани | 5562 | 14203,6 | 220 | 561,8 | 4,0% | 5339 | 3 | 0 | 0,0 | 1 | 2,6 | 2 | 5,1 | = 0,0% |
| Струга | 5211 | 9769,6 | 307 | 575,6 | 5,9% | 4897 | 7 | 4 | 7,5 | 13 | 24,4 | 9 | 16,9 | ▲ 44,4% |
| Гевгелија | 4922 | 22806,0 | 123 | 569,9 | 2,5% | 4796 | 3 | 1 | 4,6 | 2 | 9,3 | 2 | 9,3 | = 0,0% |
| Неготино | 4171 | 22925,1 | 89 | 489,2 | 2,1% | 4081 | 1 | 1 | 5,5 | 2 | 11,0 | 3 | 16,5 | ▼ 33,3% |
| Ресен | 3034 | 21109,0 | 63 | 438,3 | 2,1% | 2971 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | #DIV/0! |
| Радовиш | 2846 | 10600,8 | 106 | 394,8 | 3,7% | 2739 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 3,7 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Свети Николе | 2800 | 15923,6 | 80 | 455,0 | 2,9% | 2720 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | #DIV/0! |
| Крива Паланка | 2664 | 12376,9 | 129 | 599,3 | 4,8% | 2535 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Делчево | 2190 | 16120,7 | 69 | 507,9 | 3,2% | 2121 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Берово | 1891 | 17364,6 | 60 | 551,0 | 3,2% | 1831 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | #DIV/0! |
| Дебар | 1818 | 9502,4 | 83 | 433,8 | 4,6% | 1734 | 1 | 1 | 5,2 | 1 | 5,2 | 2 | 10,5 | = 0,0% |
| Валандово | 1609 | 15312,1 | 48 | 456,8 | 3,0% | 1560 | 1 | 1 | 9,5 | 1 | 9,5 | 0 | 0,0 | #DIV/0! |
| Виница | 1480 | 10224,5 | 64 | 442,1 | 4,3% | 1416 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Пробиштип | 1304 | 9719,0 | 52 | 387,6 | 4,0% | 1252 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 7,5 | ▲ 100,0% |
| Кратово | 1138 | 15082,8 | 38 | 503,6 | 3,3% | 1099 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 13,3 | 2 | 26,5 | = 0,0% |
| Богданци | 1114 | 15179,2 | 25 | 340,6 | 2,2% | 1089 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | #DIV/0! |
| Крушево | 1044 | 12450,8 | 46 | 548,6 | 4,4% | 997 | 1 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 11,9 | = 0,0% |
| Демир Хисар | 935 | 12878,8 | 43 | 592,3 | 4,6% | 892 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 1 | 13,8 | ▼ 100,0% |
| Македонски Брод | 804 | 7951,7 | 32 | 316,5 | 4,0% | 771 | 1 | 1 | 9,9 | 1 | 9,9 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Демир Капија | 635 | 16812,3 | 20 | 529,5 | 3,1% | 612 | 3 | 3 | 79,4 | 3 | 79,4 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Македонска Каменица | 540 | 8386,4 | 25 | 388,3 | 4,6% | 513 | 2 | 2 | 31,1 | 2 | 31,1 | 0 | 0,0 | #DIV/0! |
| Пехчево | 521 | 13080,6 | 16 | 401,7 | 3,1% | 505 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Дојран | 372 | 12062,3 | 8 | 259,4 | 2,2% | 364 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 32,4 | 0 | 0,0 | = 0,0% |

Регистрирани се 165.522 (47,7%) машки и 181.660 (52,3%) женски заболени лица.

Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 88.909 (25,6%), додека највисок морбидитет (26.137,6/100.000) се регистрира кај возрасната група од 30-39 години (*Графикон 1*).

***<u>Графикон 1</u>. Дистрибуција на заболените од COVID-19 според возрасна група (n=347.182)***




Во однос на <u>датумот на пријавување</u>, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Најголем број на заболени на неделно ниво (n=11.882) е регистриран во текот на четвртата недела во 2022. Се регистрира плато на бројот на случаите од 31/2022-9/2023 недела, со повремени флуктуации кои се резултат на ниския број на тестирани и позитивни лица (*Графикон 2*).

***Графикон 2.*** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во Р. С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, до 05.03.2023 (n=347.182)*




Според извештаите од болниците, моментално се <u>хоспитализирани 45 лица</u>, од нив 11 се на кислородна поддршка и нема пациенти на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација.

Регистрирани се <u>9.668 смртни случаи</u> (Лт=2,8%). Најголем број се регистрирани во тек на 14/2021 (n=317). Најголем дел се машки (59,4%), а во однос на возраст - лица над 60 години (83,7%). Кај 80,8% се регистрирани коморбидитети. Од регистрираните случаи, 27 починале во тек на реинфекција. Регистрирани се 9 смртни случаи кај бремени и 41 смртен случај кај здравствени работници. Од смртните случаи, 8.796 (91,0%) во хоспитални услови.

<u>Според исходот од заболувањето</u>, 219 лица (0,06%) се активни случаи, а 337.295 случаи (97,15%) се водат како оздравени, кои биле или хоспитализирани или на домашно лекување (*Табела 3*).

***Табела 3.*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=347.182)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 101 | 160928 | 3285 | 164314 |
| **Куманово** | 20 | 17708 | 638 | 18366 |
| **Битола** | 16 | 17650 | 503 | 18169 |
| **Прилеп** | 20 | 15117 | 605 | 15742 |
| **Тетово** | 15 | 13910 | 600 | 14525 |
| **Кавадарци** | 2 | 11911 | 274 | 12187 |
| **Велес** | 1 | 10515 | 330 | 10846 |
| **Охрид** | 12 | 9981 | 405 | 10398 |
| **Гостивар** | 1 | 9865 | 430 | 10296 |
| **Штип** | 2 | 8582 | 239 | 8823 |
| **Струмица** | 3 | 8432 | 386 | 8821 |
| **Кичево** | 1 | 5862 | 227 | 6090 |
| **Кочани** | 3 | 5339 | 220 | 5562 |
| **Струга** | 7 | 4897 | 307 | 5211 |
| **Гевгелија** | 3 | 4796 | 123 | 4922 |
| **Неготино** | 1 | 4081 | 89 | 4171 |
| **Ресен** | | 2971 | 63 | 3034 |
| **Радовиш** | 1 | 2739 | 106 | 2846 |
| **Свети Николе** | | 2720 | 80 | 2800 |
| **Крива Паланка** | | 2535 | 129 | 2664 |
| **Делчево** | | 2121 | 69 | 2190 |
| **Берово** | | 1831 | 60 | 1891 |
| **Дебар** | 1 | 1734 | 83 | 1818 |
| **Валандово** | 1 | 1560 | 48 | 1609 |
| **Виница** | | 1416 | 64 | 1480 |
| **Пробиштип** | | 1252 | 52 | 1304 |
| **Кратово** | 1 | 1099 | 38 | 1138 |
| **Богданци** | | 1089 | 25 | 1114 |
| **Крушево** | 1 | 997 | 46 | 1044 |
| **Демир Хисар** | | 892 | 43 | 935 |
| **Македонски Брод** | 1 | 771 | 32 | 804 |
| **Демир Капија** | 3 | 612 | 20 | 635 |
| **Македонска Каменица** | 2 | 513 | 25 | 540 |
| **Пехчево** | | 505 | 16 | 521 |
| **Дојран** | | 364 | 8 | 372 |
| **ВКУПНО** | **219** | **337295** | **9668** | **347182** |

Заклучно со 05.03.2023, регистрирани се вкупно 21.726 (6,3%) реинфекции.

Од 20.02.2020-05.03.2023 тестирани се вкупно 2.230.788 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

Од вкупниот број на тестирани материјали, 1.473.994 или 66,1% се со молекуларно (PCR) тестирање, додека останатите 756.794 или 33,9% се со брз антигенски тест.

## ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19 И ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

Репродукцискиот број на заразени од COVID-19 (R0) во Р. С. Македонија изнесува 1,45 заклучно со 05.03.2023, во споредба со претходната недела (1,03).

***Графикон 3.*** Дневна инциденца на 100.000 жители и R0, COVID-19, Р.С.М, до 05.03.2023




Според категоризацијата на ризикот и проценката на ситуацијата земајќи ги во предвид индикаторите на СЗО за можноста за понатамошна трансмисија и капацитетите за одговор на земјата[1] се проценува дека Република Северна Македонија е во фаза на широка трансмисија, подниво 1, со соодветни капацитети за одговор.

**Препорачани мерки за превенција и контрола од СЗО согласно проценетата фаза и подниво**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

[1]Извор: https://phsm.euro.who.int/calibrationTool

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 17.02.2021 во Р. С. Македонија започна вакцинацијата против COVID-19.

Заклучно со 05.03.2023, вакцинирани се вкупно 876.031 лица со барем една доза на вакцина против COVID-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.128 лица (Табела 4).

***Табела 4.*** *Вакцинирани лица против COVID-19, РСМ, по тип на вакцина/ доза*

| вакцина/ доза | Прва доза | Втора доза | Трета доза | Четврта доза | Вкупно аплицирани дози |
|---|---|---|---|---|---|
| Pfizer/Biontech | 375959 | 366691 | 162966 | 8506 | 914122 |
| Sinovac | 251170 | 245473 | | | 496643 |
| Sinopharm | 153572 | 152868 | | | 306440 |
| AstraZeneca | 71550 | 68882 | | | 140432 |
| Sputnik V | 23304 | 22999 | | | 46303 |
| Moderna | 209 | 184 | 80 | 135 | 608 |
| Janssen* | 267 | 31 | | | 298 |
| **ВКУПНО** | **876.031** | **857.128** | **163.046** | **8.641** | **1.904.846** |

*вакцинирани само во странство

Со една доза на вакцина против COVID-19, во државата и странство, вакцинирани се 59,7% од населението над 18 годишна возраст, односно 55,2% од население над 12 годишна возраст, додека од вкупното население вакцинирани се 47,7%.

Опфатот со две дози на вакцина против COVID-19 кај населението над 18 годишна возраст изнесува 58,4%, односно 54,0% кај население над 12 годишна возраст. Опфатот со две дози кај вкупното население изнесува 46,7%.

Опфатот со трета доза кај населението над 18 годишна возраст изнесува 11,1%, додека кај населението над 12 годишна возраст е 10,3%. Опфатот со трета доза на вкупното население изнесува 8,9%.

Со четврта доза се вакцинирани вкупно 0,59% од населението над 18 годишна возраст, односно 0,54% од населението над 12 годишна возраст, а опфатот кај вкупното население изнесува 0,47%.

Најголем број на вакцинирани лица е регистриран во 33-та недела од 2021 година (n=102.132). Бројот на аплицирани дози изминатата недела изнесува вкупно 8, од тоа 4 се прва доза, 1 како втора доза, 2 аплицирани како трета доза и 1 апплицирана како четврта доза.

Скопје, 05.03.2023

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***